**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Склучен на ден _______________., помеѓу:

1. **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“**, **Универзитет „Св. Кирил и Методиј‘‘ во Скопје, Република Северна Македонија**, застапуван од деканот на Факултетот, проф. д-р Билјана Камчевска, како прв договарач и
2. **Педагошки факултет у Ужицу, Универзитет у Крагујевцу, Република Србија,** застапуван од деканот проф.д-р Сања Маричиќ како втор договарач.

**Член 1**

Предмет на овој Меморандум претставува воспоставување на соработка помеѓу двете договорни страни во сферата на образованието, научно-истражувачката и апликативна дејност, како и утврдување на формите и начинот на соработка.

**Член 2**

Општа цел на Меморандумот е преку воспоставената соработка и нејзините начини и форми, да се даде придонес во понатамошниот развој согласно современите текови и тенденции, во сферата на образованието, научно-истражувачката работа и апликативната дејност на наставниот кадар ( асистенти, доценти и професори) и студентите кај двете договорни страни.

**Член 3**

Како облици на соработка се утврдуваат:

- Студиски престои на дел од кадарот во рамките на другата институција,
- Држење на предавања и обуки и други облици на активно делување во посочените сфери;
- Заедничко или самостојно организирање и земање учество со свои трудови, презентации и слично на научни конференции, конгреси, симпозиуми, работилници и други облици на научно-истражувачка и апликативна работа
- Заедничко учество и активности во рамките на „ Еразмус+‘‘и др. проекти
- Објавување на трудови во списанието Педагошка ревија и Иновације у настави , Методичка теорија и пракса и сл.
- Други активности за унапредување во сферата на образованието, научно-истражувачката и апликативна дејност.

**Член 4**

Реализацијата на формите на соработка ќе биде во рамките на финансиските можности на секоја од договорните странки, без обврска или поголеми финансиски импликации за подмирување со финансиски средства на другата договорна страна, доколку истата самостојно организира соодветна активност.

**Член 5**

За реализација на секоја од предвидените форми на соработка, надвор од финансиската сфера, секоја од договорните страни е согласна да се стават на располагање сите просторни и кадровски потенцијали со кои располага секоја од додговорните странки, за непречено одвивање на преземените облици на соработка.

**Член 6**

Странките на овој Меморандум се согласни истиот да нема правно-обврзувачки карактер, односно секоја од нив го задржува правото истиот да го раскине, доколку не се почитуваат одредбите и основната цел на истиот.

**Член 7**

Овој Меморандум е склучен во 4 еднообразни примероци, за потребите на договорните странки.

**Член 8**

Мемонрандумот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни странки.

| | |
|---|---|
| Педагошки факултет „Св.Климент Охридски‘‘ | Педагошки факултет у Ужицу |
| Скопје , Р. С. Македонија | Ужице, Р. Србија |
| ______________________ | ______________________ |
| декан, | декан, |
| Проф. д-р Билјана Камчевска | Проф.д-р Сања Маричић |